2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2207/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
27.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 80 од Законот за градење-Пречистен текст („Сл. Весник на РМ“ бр. 59/2011) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 26.12.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување потреба за поставување урбана опрема, културно-информативен пункт на локација на КП 17575/1 КО Битола, Ул.„Партизанска"бб-спроти НУ Завод и Музеј Битола, до паркингот пред спортската сала

**Член 1**

Се утврдува потреба за поставување урбана опрема, културно-информативен пункт на локација на КП 17575/1 КО Битола, ул. „Партизанска" бб-спроти НУ Завод и Музеј Битола, до паркингот пред спортската сала.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 07-36/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.12.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Фудбалскиот клуб Пелистер АД Битола

1. Ја објавувам Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Фудбалскиот клуб Пелистер АД Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 26.12.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-2207/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
27.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 4 од Одлуката за определување на критериуми за одредување на финнсиска помош од Буџетот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола" бр. 15/08) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола" бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 26.12.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Фудбалскиот клуб Пелистер АД Битола

**Член 1**

На Фудбалскиот клуб Пелистер АД Битола, му се доделуваат 250.000 денари од Буџетот на Општината Битола, за реализирање на програмски активности.

**Член 2**

Се задолжува Фудбалскиот клуб Пелистер АД Битола да достави повратна информација за тоа кои активности се финансирани од добиените средства.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 07-36/24 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.12.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Извештајот за работата на Општинскиот совет за превенција од малолетничко претстапништво за 2012 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Извештајот за работата на Општинскиот совет за превенција од малолетничко претстапништво за 2012 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 26.12.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2207/23 ГРАДОНАЧАЛНИК
27.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 26.12.2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Извештајот за работата на Општинскиот совет за превенција од малолетничко претстапништво за 2012 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата на Општинскиот совет за превенција од малолетничко претстапништво за 2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-36/25 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.12.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Стив Наумов“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Стив Наумов“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 26.12.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2207/24 ГРАДОНАЧАЛНИК
27.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 124 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 103/08) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 26.12.2012 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Стив Наумов“ Битола

1. Од Училишниот одбор на ОУ „Стив Наумов“ Битола се разрешуваат:

Јасмина Мирчевска и Елизабета Јосифовска,

СЕ ИМЕНУВААТ:

- Светлана Марковска, дипл. проф. по македонски и англиски јазик, ул. „Народни Херои “ бр. 30/2 и
- Марија Јолевска, дипл. правник, ул. „Христо Ботев“ бр. 87.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-36/26 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.12.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член

54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Крсте Петков-Мисирков“ с. Бистрица

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Крсте Петков-Мисирков“ с. Бистрица, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 26.12.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2207/25 ГРАДОНАЧАЛНИК
27.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 124 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 103/08) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 26.12.2012 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Крсте Петков-Мисиркоив“ с. Бистрица

1. Од Училишниот одбор на ОУ „Крсте Петков-Мисирков“ с. Бистрица се разрешуваат и повторно

СЕ ИМЕНУВААТ:
- Бошко Геровски и
- Горан Мисимовски.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-36/27 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.12.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Ѓорги Сугарев“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Ѓорги Сугарев“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 26.12.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2207/26 ГРАДОНАЧАЛНИК
27.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 124 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 103/08) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 26.12.2012 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Ѓорги Сугарев“ Битола

1. Од Училишниот одбор на ОУ „Ѓорги Сугарев“ Битола се разрешуваат:

Гордана Борисовска и Владо Кузмановски,

СЕ ИМЕНУВААТ:

Весела Тошевска, дипл. проф. по математика, ул. „Ѓорги Сугарев “ бр. 1

Зоран Каркамишев, дипл.учител, ул. „Партизанска“ бр. 32/17.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-36/28 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.12.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Тодор Ангелевски“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Торор Ангелевски“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 26.12.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2207/27 ГРАДОНАЧАЛНИК
27.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 124 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 103/08) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 26.12.2012 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Тодор Ангелевски“ Битола

1. Од Училишниот одбор на ОУ „Тодор Ангелевски“ Битола се разрешуваат: Лиле Велевска и Дијана Шалевска,

СЕ ИМЕНУВААТ:
- Митра Митревска, дипл. воспитувач, ул. „Широка“ бр. 8 и
- Дијана Богдановска, дипл.учител, ул. „Струшка“ бр. 30.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-36/29 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.12.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Д-р Трифун Пановски“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Д-р Трифун Пановски“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 26.12.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2207/28 ГРАДОНАЧАЛНИК
27.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 124 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 103/08) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на

Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 26.12.2012 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Д-р Трифун Пановски“ Битола

1. Од Училишниот одбор на ОУ „Д-р Трифун Пановски“ Битола се разрешуваат: Нада Трифуновска и Влатко Ристевски,

СЕ ИМЕНУВААТ:

- Катерина Трајковска, дипл. проф. по математика, ул. „Цар Самоил“ бр. 168 и
- Славица Георгиевска, дипл. граф. инж. ул. „ЈНА“ бр. 21/16.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-36/30
26.12.2012 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/02), и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола „ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-1001/1 од 17.05.2010 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-636/1 од 15.03.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-893/1 од 01.04.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола , број 08-2070/1 од 02.09.2011 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-159/1 од 25.01.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-03/1 од 05.03.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-04/1 од 28.05.2012 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-06/1 од 25.07.2012 година ( „Службен гласник на Општината Битола" бр.7/10 , бр. 5/11 , 6/11 , 12 /11 ,02/12, 03/12 ,06/12 и 10/12 и тоа во член 5 , Сектор за правно нормативни , административни и општи работи , Оделение за правно нормативни работи по работното место „5. Правни работи и застапување„ се додава ново работно место „5а организациска и административна подршка„ кое гласи:

**„5-а. Назив на работното место**: **<u>организациска и административна подршка</u>**

| | |
|---|---|
| **Звање**: | помлад соработник |
| **Одговара пред**: | раководителот на одделението |

**Цел на работното место:** Вршење наједноставни работи врз основа на конкретни упатства и насоки, со постојан надзор и контрола на раководителот на Одделението, а кои се однесуваат на организациска и административна поддршка од надлежност на одделението

**Главни работни должности:**
- ги следи законските и подзаконски акти од надлежната област и истите ги применува

- врши помошни работи при информативно- документарни и организациско-технички работи во врска со работата на одделението
- помага во средување и чување на документацијата од седниците на работните тела на општината
- помага во подготвителни работи и задачи кои се однесуваат на организацијата на работата на работните тела и води записник од истиот
- помага во оперативно средување на материјали;
- помага во подготвување и проучување материјали за состаноци од надлежност на одделението и помага во изготвување на мислења и белешки по истите
- помага во работата на комисиите за постапување по законот за постапување со бесправно изградени објекти
- учествува во подготвување на анализи и информации
- врши други работи и задачи што ќе му ги довери раководителот на одделението.

**Посебни услови**:

- со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен –
- Факултет за администрација
- без работно искуство
- други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети: работа со компјутери, способност за тимска работа.

**Број на извршители:** 2„

**Член 2**

Во Одделението за административни и општи работи во работното место под бр. „10. Архивар„ во посебните услови по зборовите „IV ССС„ се додава „или VI –степен Више образование „ додека пак во делот – број на извршители бројот „1„ се заменува со бројот „3„.

**Член 3**

Во член 5 -Одделение за сметководство после работното место бр „31-Сметководител за орган„ се додава работно место под број „31а. Материјално-финансиско сметководство„ кое гласи:

**„31а. Назив на работното место**: **<u>материјално- финансиско сметководство</u>**

**Звање**: Помлад соработник

**Одговара пред**: раководителот на одделението

**Цел на работното место:** Вршење наједноставни работи врз основа на конкретни упатства и насоки, со постојан надзор и контрола на раководителот на одделението, а кои се во областа на сметководственото работење.

**Главни работни *должности:***

- ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на сметководството за буџетите и буџетските корисници и финансиско-материјалното работење;

- помага во редовно и ажурно водење на сите деловни книги пропишани со закон, во согласност со прифатената стандардна сметководствена практика и сметководствени стандарди;
- учествува во навремено и хронолошко регистрирање на комплетирани сметководствени документи во деловните книги;
- учествува во изготвување на периодична пресметка и завршна сметка на буџетот на општината
- учествува во изготвување на евиденција на материјалните средства,
- помага во водењето на задолжителните помошни книги, книги за влезни сметки,
- учествува во изготвување на извештаи
- врши други работи и задачи што ќе му ги довери раководителот на одделението.

**Посебни услови**:

- со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Економски факултет
- без работно искуство
- други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети: работа со компјутери, способност за тимска работа.

**Број на извршители:** 1,,

**Член 4**

Во член 5, Одделение за администрирање на приходи после работното место бр,,39-Управно правни работи од администрирање на данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности,, се додава работно место под број ,,39а. Проценувач за недвижен имот,, кое гласи

**,,39а.Назив на работното место**: **<u>проценувач за недвижен имот</u>**

**Звање:** советник

**Одговара пред:** раководителот на одделението

**Цел на работното место**: законито вршење на работите согласно законите за даноци на имот, подароци, наследување, данокот за промет на недвижности, како и други закони, прописи и општи акти од надлежност на одделението, како и законито спроведување на надлежностите на одделението.

**Главни работни должности**:

- самостојно извршува најсложени работи и задачи што се вршат во одделението со повремени упатства и надзор од раководителот на одделението;
- континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на данокот на имот, процената и други акти кои се однесуваат на односната проблематика;
- врши работи на процена на пазарната вредност на недвижниот имот за пресметување на данокот на имот;
- изготвува анализи, извештаи и информации за работите од својата надлежност;
- врши стручна обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби;

- изготвува предлог одлуки и други прописи, програми и други акти, изготвува стручно аналитички и други материјали за комисиите на Советот на општината;
- врши други работи и задачи што ќе му ги довери раководителот на одделението.

**Посебни услови**:
- со стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Градежен факултет или Архитектонски факултет или Економски факултет
- работно искуство од најмалку 5 години во област на процена на недвижен имот;
- да има положено стручен испит за проценувач на недвижен имот;
- со правосилна одлука да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност се додека траат последиците од забраната,
- работа со компјутери;
- способност за тимска работа;

**Број на извршители**: 5„.

**Член 5**

Во членот 5 Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште кај работното место бр. „73 Предлози за експропријација„ во делот број на извршители бројот „1„ се заменува со бројот „2„

**Член 6**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места као составен дел на правилникот и тоа:

**„ 1.А. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНО НОРМАТИВНИ РАБОТИ**

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на извршители | Вид и степен на образование | Работно искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 5а | Организациска и административна подршка | Помлад соработник | 2 | Стекнати најмалку 180 Кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Факултет за администрација Работа со компјутер Способност за тимска работа | Без работно искуство |

### 1.Б. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на извршители | Вид и степен на образование | Работно Искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Архивар | Самостоен референт | 3 | IV ССС или VI –степен Више образование - работа со компјутер способност за тимска работа | Најмалку 3 г. во струката |

### 2 Б ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СМЕТКОВОДСТВО

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на Извршители | Вид и степен На образование | Работно Искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 31а | Материјално- финансиско Сметководство | Помлад соработник | 1 | Стекнати најмалку 180 Кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Економски факултет. Работа со компјутер Способност за тимска работа | Без работно искуство |

### 2.В ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АДМИНИСТРИРАЊЕ НА ПРИХОДИ

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на извршители | Вид и степен на образование | Работно Искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 39а | Проценувач за недвижен имот | Советник | 5 | Стекнати 300 Кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Градежен Факултет или Архитектонски факултет или Економски факултет Положен стручен испит за проценувач на недвижен имот - со правосилна одлука да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност се додека траат последиците од забраната Работа со компјутер Способност за тимска работа | Најмалку 5 години во областа на процена на недвижен имот |

**3В. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на Изврш ители | Вид и степен на образование | Работно искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 73 | Предлози за експропријација | Соработник | 2 | Стекнати најмалку 180 Кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Правни науки . Работа со компјутер Способност за тимска работа | Најмалку 1 г. во струката |

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола„ а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Агенцијата за администрација.

**Бр.01-07/1**
06.12.2012.
Битола

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општината Битола
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 91 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10156/10, 18/11, 42/11, 51/11 и 100/12), Градоначаликот на Општина Битола , постапувајки по Иницијативата за поведување на постапка за разрешување на Директорот на Средно општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов„ Битола , бр. 07-220/4 од 19.07.2012 поднесена од Државната комисија за спречување на корупцијата, како и Ургенцијата за спроведување на Иницијативата на Државната комисија за спречување на корупцијата за поведување на постапка за разрешување, бр. 07-220/7 од 31.08.2012 г. донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на Директор на Средно општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов„ Битола**

1.Се разрешува **Георги Ташковски** од функцијата Директор на Средно општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов„ Битола **заклучно со 15.11.2012 година.**

2. Се задолжува разрешениот Директор со новоизбраниот ВД Директор да извршат примопредавање на правата и должности, во согласност со позитивните прописи.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Државната комисија за спречување на корупцијата со допис бр. 07-220/4 од 19.07.2012 година достави до Градоначалникот на Општината Битола Иницијатива за поведување на постапка за разрешување на Директорот на Средно општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов„ Битола. Како причина наведе повреда на одредбата од членот 11 од Законот за спречување на судир на интереси односно непревземање на сите мерки за спречување на судир на интереси, со што својот приватен интерес го ставил над општествениот , односно вршењето на работите од јавен интерес го искористил за остварување лични цели и профит, како и повреда на начелото на законистост, согласно член 3 став 1 од Законот за спречување на корупцијата , според кој секој е должен во вршењето на функцијата , јавното овластување, службената должност, и положба да постапува совесно, стручно, одговорно, ефикасно, и непристрасно,

Градоначалникот на Општината со допис бр. 08-1103/2 од 25.07.2012 г. достави барање до училишниот одбор веднаш да отпочнете и спроведете постапка за разрешување на директорот на СОТУ „Ѓорги Наумов„ Битола согласно Законот за средното образование, притоа имајки ги во предвид наодите во Иницијативата од Државната комисија за спречување на корупцијата.
За превземените дејствија од страна на Градоначалникот со допис бр. 08-1103/3 од 26.07.2012 г. известена е Државната комисија за спречување на корупцијата.

Со известување бр. 03-231/2 од 17.08.2012 г. добиено од СОТУ „Ѓорги Наумов„ Битола доставена е до Градоначалникот на Општината Одлука бр. 02-229/2 од 16.08.2012 г. со која се одбива Иницијативата на Градоначалникот за поведување на постапка за разрешување на Директорот на училиштето.

Со допис – Ургенција за спроведување на Иницијатива бр. 07-220/7 од 31.08.2012 г. доставена до Градоначалникот на Општина Битола,- Државната комисија за спречување на корупцијата, побара од Градоначалникот спроведување на Иницијативата, притоа укажувајки го како единствен релевантен за конкретно постапување и разрешување на

Стр.2

директорот согласно член 50 од Законот за локална самоуправа и член 91 Законот за средното образование.

Врз основа на изнесеното, а имајќи го во предвид фактот што училишниот одбор ја одби Иницијативата за разрешување, како и фактот што Државната комисија за спречување на корупцијата како единствен надлежен орган за утврдување на постоење / непостоење состојба на судир на интереси во конкретниот случај утврди дека Директорот сторил повреда на законските прописи, а согласно член 50 од Законот за локална самоуправа и согласно член 91 од Законот за средно образование, се одлучи како во диспозитивот.

***Упатство за правно средство :*** *Против ова Решение разрешениот Директор има право на жалба по однос на спроведување на постапката за разрешување во рок од 15 дена од денот на приемот на истото , која жалба се доставува преку Градоначалникот на Општината до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.*

Бр. 08-1103/6
15.11. 2012.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10156/10, 18/11, 42/11, 51/11 и 100/12), Градоначаликот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на В.Д. Директор на Средно општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов„ Битола**

1. За В.Д. Директор на Средно општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов„ Битола се именува **Драган Стојановиќ** ВСС наставник по машинска група на предмети. Функцијата В.Д. Директор ја презема од 16.11. 2012 година.

2. Се задолжува В.Д. Директор да изврши примопредавање на правата и должностите од разрешениот директор.

3. ВД Директор ги врши работите до именување на нов Директор , но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

4. Ова решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради обезбедување на континуитет во Средно општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов„, а по разрешувањето на Директорот на истото, согласно член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави до архивата на Средно општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов„ Битола, архивата на општинската администрација и на избраниот В.Д. Директор.

**Бр.08- 1103/7**
**15.11.2012 год.**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА,**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**м-р Владимир Талески**

ОПШТИНА БИТОЛА

## С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за усвојување Планот за работа на ЈП „Комуналец“ Битола за 2013 година........................................................ 461

З А К Л У Ч О К за усвојување Финансовата програма за одржување јавната чистота на јавните површини на подрачјето на Општината Битола во 2013 година........................................................ 462

З А К Л У Ч О К за усвојување Финансовата програма за одржување на јавните зелени површини на подрачјето на Општината Битола во 2013 година............. 462

З А К Л У Ч О К за усвојување Планот за работа на ЈП „Нискорадба“ Битола за 2013 година........................................................ 463

З А К Л У Ч О К за усвојување Планот за работа на ЈП „Пазари“ Битола за 2013 година........................................................ 463

З А К Л У Ч О К за усвојување Планот за работа на ЈКП „Водовод“ Битола за 2013 година........................................................ 464

З А К Л У Ч О К за усвојување Планот за работа на ЈП „Жабени“ Битола за 2013 година........................................................ 464

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата за работа на ОЈУ „Зоолошка градина“ Битола за 2013 година................................. 465

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата за работа на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола за 2013 година.................... 465

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата на Општината Битола за финансирање на културата во 2013 год. ................................ 466

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата за активностите во областа на спортот на подрачјето на Општината Битола за 2013 година........................................................ 466

П Р О Г Р А М А за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола за 2013 год. ................. 467

П Р О Г Р А М А за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2013год........................................................ 491

П Р О Г Р А М А За користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2013год. 493

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на одлуките за дополнување на Правилникот за систематизација на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола ................................ 495

О Д Л У К А за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за ДЕЛ ОД РАБОТНА ЗОНА ЛОКАЛИТЕТ „ФРИЖИДЕРИ“ - Битола.... 495

О Д Л У К А за утврдување Нацрт ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА Бр. 4 МЗ ЃОРЃИ НАУМОВ БЛОК 1- Битола.......................... 496

О Д Л У К А за донесување на Локалната Урбанистичка Планска Документација за изградба на стопански објекти за производство на минерална вода и гас јаглероден двооксид (CO2) на дел од КП Бр. 221/3 м.в. Брборник, КО Трн - Општина Битола........................................................ 497

О Д Л У К А за утврдување Нацрт ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА Бр. 1 БЛОК 2 Општина Битола .......................................... 497

О Д Л У К А за утврдување Нацрт ГУП на град Битола Урбана четврт ДОВЛЕЏИК Општина Битола .......................................... 498

О Д Л У К А за утврдување потреба за поставување урбана опрема, културно-информативен пункт на локација на КП 17575/1 КО Битола, Ул.„Партизанска“бб-спроти НУ Завод и Музеј Битола, до паркингот пред спортската сала.................. 499

О Д Л У К А за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Фудбалскиот клуб Пелистер АД Битола..... 499

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на Општинскиот совет за превенција од малолетничко претстапништво за 2012 година................. 500

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Стив Наумов“ Битола ..................... 500

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Крсте Петков-Мисиркоив“ с. Бистрица ........................................................ 501

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Ѓорги Сугарев“ Битола .................... 501

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Тодор Ангелевски“ Битола ............. 502

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Д-р Трифун Пановски“ Битола....... 503

П Р А В И Л Н И К за именување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола......................................... 504

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на Директор на Средно општинско техничко училиште „Ѓорѓи Наумов“ Битола .............. 510

Р Е Ш Е Н И Е за именување на В.Д. Директор на Средно општинско училиште „Ѓорѓи Наумов“ Битола ................................ 512

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**
Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211